ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија, број 5/2002), член 112, а в.в. со член 124 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр. 24/19, „Службен весник на РСМ“ бр.87/21 и „Службен весник на РСМ“ бр.14/25), Градоначалникот на Општина Битола, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За избор на идејно решение**

1.За избран труд согласно со Одлуката за јавна набавка **број 08-336/1** од **04.03.2026 година, и Решението за формирање на жири комисија за спроведување на постапка за конкурс за избор на идејно Решение бр. 08-1271/2 од 18.12.2025 година со предмет на набавка**:***„Конкурс за избор на идејно урбанистичко – архитектонско решение за спортско – рекреативна зона – АРМ Битола“*** а, врз основа на изготвениот Извештај од страна на жири комисијата бр. 40-44/5 од 20.06.2026 година,

**се избираат трудовите:**

**Конкурсен труд бр. 2 – втора награда со освоени 737 бодови од Автор: Урош Николоски и Тамара Стефаноска – награда од 120.904,00 денари**

**Конкурсен труд бр. 1 – трета награда со освоени 580 бодови од Автор: Ѕвонко Ставревски – награда од 90.678,00 денари**

**Конкурсен труд бр. 3 – откуп со освоени 406 бодови од Автор: Градежен Институт Македонија АД – Скопје – откуп од 60.452,00 денари**

2. Прва награда не се доделува.

3. Договорите ќе се потпишат согласно член 115 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр. 24/19, „Службен весник на РСМ“ бр.87/21 и „Службен весник на РСМ“ бр.14/25), во кој ќе биде дефиниран начинот на исплата на наградите и откупот на авторски права.

4. Се задолжува Одделението за економски развој да ја спроведе оваа Одлука.

5. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на објавениот оглас за Конкурс за избор на идејно решение бр. 05108/2026, и по извршеното вреднување на конкурсните трудови, Оценувачката комисија констатира дека

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 333 047 208 335 факс: 047 208 307
javninabavki@bitola.gov.mk www.bitola.gov.mk

ниту еден од пристигнатите трудови не ги исполнил во целост пропишаните критериуми и програмски барања на конкуроst.

Поради тоа, комисијата донесе одлука да не се додели прва награда. Врз основа на Извештајот изготвен од страна на Жири Комисијата број 40-44/5 од 20.06.2026 година за оценување на пристигнати трудови, се одлучи како во т.1 и 2 од оваа Одлука.

**Изработено во Општина Битола под број 08-336/2 на 03.07.2026 година.**

**Во прилог:**
**Извештај од Жири Комисија**

***ГРАДОНАЧАЛНИК***
***Тони Коњановски***

Изготвил:Наташа Бабовска
Контролирал:Гордана Јоновска
Одобрил/Согласен:Борче Димитровски